**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за финансиски прашања** |
| | **Сектор за сообраќај** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Секретар на Град Скопје** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Претставник од Сектор за финансиски прашања** |
| | **Претставник од Сектор за сообраќај** |

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

## за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси

Скопје, февруари 2025

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 11 став 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/24), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на __________________ 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси**

Член 1

Град Скопје се задолжува кај домашна банка со долгорочен заем во износ од 930.000.000,00 денари, наменет за набавка на еко автобуси.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од оваа Одлука се утврдуваат со Договор за заем кој ќе се склучи меѓу Град Скопје и домашна банка.

Во име на Град Скопје, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише Градоначалникот на Град Скопје.

Член 3

Град Скопје, заемот од член 1 од оваа Одлука ќе го отплаќа од Буџетот на Град Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _________________
______ 2025 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 11 став 5 од истиот закон, утврдено е дека Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон.

Со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) утврдено е дека Општината може долгорочно да се задолжува за финансисрање на капитални проекти и инвестиции, кое го одобрува Советот на општината.

Со набавката на еко автобуси преку домашно долгорочно задолжување ќе се овозможи лесно достапен и современ јавен превоз притоа водејќи грижа за квалитетот на живеење и животната средина.

Воведувањето на еколошки автобуси ќе го намали загадувањето на воздухот и ќе обезбеди брз, безбеден и квалитетен превоз, кој ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните.

Воедно ќе ги поддржи напорите на градот во справување со предизвиците на јавниот превоз на поефикасен и структуиран начин, преку подготовка и имплементација на одржлив урбан план на мобилност, кој ќе води кон подобрување на јавниот транспорт и ќе го направи поатрактивен, се со цел да се намали користењето на приватните автомобили.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлуката.